**20161062580**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАЦИОНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА НА ПРОСТОРНИТЕ ПОДАТОЦИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 1 јуни 2016 година.

Бр. 08-2725/1
1 јуни 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАЦИОНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА НА ПРОСТОРНИТЕ ПОДАТОЦИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” број 38/14), во членот 20 став (1) во точката 17 сврзникот „и“ се заменува со точка запирка.

Во точката 18, точката на крајот од реченицата се заменува со точка запирка и се додаваат две нови точки 19) и 20), кои гласат:

„19) Сојуз на стопански комори на Македонија и

20) Геолошки завод на Република Македонија.“.

Во ставот (2) зборовите: „точки 1 до 12 и точки 14 до 17,“ се заменуваат со зборовите: „точките 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 14, 15, 16, 17, 18, 19 и 20,“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.